Врз основа на член 24 став 1), алинеја 5, а во врска со член 148 став (1) точка б) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18, 21/18, 98/19 и 153/19), Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на 27.01.2020 година го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ

I

**ПРЕСТАНУВА ДА ВАЖИ по сила на закон** одобрението за користење на радиофреквенции во копнена мобилна служба со евидентен број 105349 издадено на корисникот ТП Сашко Ристо Делеџаков МАСТЕР КОМПАНИ со седиште на ул.Ристо Чавдаров бр.25, 1480 Гевгелија, поради тоа што имателот на одобрението престанал да постои.

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

III

Ова решение е конечно.

## Образложение

Агенцијата за електронски комуникации има издадено одобрение за користење на радиофреквенции во копнена мобилна служба служба со евидентен број 105349 на корисникот ТП Сашко Ристо Делеџаков МАСТЕР КОМПАНИ со седиште на ул.Ристо Чавдаров бр. 25, 1480 Гевгелија.

На 27.01.2020 година имателот на горенаведеното одобрение по електронска пошта достави до Агенцијата за електронски комуникации Решение за бришење од Трговскиот Регистар издадено од Централниот Регистар на Р. Македонија, поради што се донесе решение одобрението за користење на радиофреквенции во копнена мобилна служба со евидентен број 105349 да престане да важи по сила на закон.

Врз основа на горенаведеното, согласно член 24 став 1), алинеја 5, а во врска со 148 став (1) точка б) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18, 21/18, 98/19 и 153/19), се донесе решение како во диспозитивот.

Изготвено во Агенција за електронски комуникации
Наш број: уп1-бр.0802-34
Скопје, 28.01.2020

Изработил: Раководител на Одделение за фиксна и мобилна служба:
Радка Шекутковска
27.01.2020

Раководител на Сектор за радиокомуникации:
Јане Јакимовски

**По овластување од Директорот,**
**Игор Бојаџиев**

**Доставено до:**
- странка
- Архива
- Сектор за радиокомуникации
- Сектор за финансии
- Сектор за контрола и мониторинг на радиофреквенциите

АЕК-751-301.12/Изм.02

www.aek.mk
Кеј Димитар Влахов бр.21
1000 Скопје
Република Македонија
тел.: 02 32 89 200
факс: 02 32 24 611
е-пошта: contact@aec.mk